


***До почетокот на 1947 година, партизанските сили покажале вистинска моќ во воените способности и во одржување на ветувањата за своите обврски кон македонскиот народ. Околу 87 македонски училишта биле отворени во Леринско и Костурско. Биле запишани рекорден број ученици (10.000). Македонската литература и култура доживувале процут.***

За жал, Грците, никогаш не се чувствувале релаксирано во однос на македонските постигнувања и постоела видлива огорченост и недоверба помеѓу двата народа. Грчкиот шовинизам цветал како во своите најдобри времиња. Македонците, од друга страна, никогаш не биле релаксирани и не се чувствувале пријатно за да ги откријат своите вистински имиња или идентитет, особено на грчките партизани.

Еден Македонец го објасни тоа на следниот начин: “Во случај тие да знаеја дека некој е Македонец, тогаш тој ќе морал да внимава и пред себе и зад грбот, бидејќи никогаш не се знаеше од каде може да дојде наредниот куршум”.

Во Македонија, партизанските редови се зголемувале со доброволци од патриотските македонски села. Некои кои имале борбено искуство биле унапредени во повисоки чинови. Грците се двоумеле и биле внимателни да не унапредуваат Македонци во високи чинови. Тие ги резервирале високите чинови само за Грци. Освен што регрутирале мажи, партизаните регрутирале и жени како медицински сестри, болничарки на бојните полиња, кројачки, за поправки, перачки, готвачки, организатори за снабдување, па дури и вооружени војници.

Извесно време, партизаните сами одгледувале и се снабдувале со храна од донирани или напуштениниви и полиња. Работната сила, која била одговорна за жнеење и испорака на храната до партизанските кампови, главно, била составена од жени доброволки.

Британија не била задоволна со новиот развој на настаните и ја притискала грчката влада да ја прошири својата воена способност и да се вооружи со тешко оружје. “До 1947 година, британската влада поставувала и разрешувала грчки премиери, водејќи сосема малку сметка за уставните формалности.

Британски експерти ја диктирале економската и финансиската политика, одбранбената и надворешната политика, безбедносната и правната политика, политиката за синдикатите и невработеноста”. (Стр. 306, Барбара Јелевиќ, Историја на Балканот, Дваесетти век /Barbara Jelevich, History of the Balkans, Twentieth Century/). За нејзиното мешање во работите на една суверена држава и за овозможување насилнички тактики, Британија добила критика од Соединетите Држави, чии долари биле користени за повторна изградба на Грција.


Barbara Jelavich
HISTORY OF THE BALKANS
Twentieth Century


Concise Edition
HISTORY OF THE
TWENTIETH
CENTURY
MARTIN GILBERT

[illegible]





**РИСТО СТЕФОВ И**



**СЛАВЕ КАТИН**